# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Понеделник Ноември 2025 година Број 23/2025 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486 |
|---|---|---|

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за прогласување итност
на 5-та седница на
Советот на Општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прогласување итност на 5-та седница на Советот на Општина Радовиш, бр.08-1363/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 17.11.2025 година.

Број 09-1363/2 Градоначалник
Дата 17.11.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 40 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 53 од Деловникот за работа ,

Советот на Општина Радовиш на V седница одржана на ден 17.11.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за прогласување итност на 5-та седница
на Советот на Општина Радовиш

член 1

Со оваа Одлука се прогласува итност на 5-та седница на Советот на Општина Радовиш одржана на 17.11.2025 година со цел да се донесе Одлука за распишување на оглас за распределба на линии за вршење на линиски превоз на патници во општина Радовиш.

член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1363/1Совет на општина Радовиш
Дата 17.11.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за Општински линиски
превоз на патници

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за Општински линиски превоз на патници, бр.08-1364/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 17.11.2025 година.

Број 09-1364/2 Градоначалник
Дата 17.11.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25) согласно член 73 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) и член 41-а од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), член 41 од Одлуката за комунален ред бр. 07-195/1 од 25.01.2013 година и член 21 став 1 точка 20 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на V седница одржана на ден 17.11.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за Општински линиски превоз на патници**

**Член 1**

Општински линиски превоз на патници е јавен превоз кој се врши на подрачјето на општината.

**Член 2**

Општински линиски превоз на патници можат да вршат превозници кои имаат лиценца за таков вид превоз издадена од градоначалникот на општината.

**Член 3**

Превозник кој има лиценца за вршење општински линиски превоз на патници може да отпочне со вршење на превоз откако ќе добие дозвола и ќе регистрира возен ред за определена линија кај градоначалникот на општината.

Дозволата и возниот ред се со важност од 5 години.

**Член 4**

Советот на општината го уредува општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општината при што особено утврдува:

I. Единствена мрежа на линии,
II. Возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување,
III. Начин на организирање на контролата на сообраќајот на автобусите и линиите, како и евиденција за тоа,

IV. Тарифен систем, систем на наплата и начин и контрола на наплата,
V. Локација на автобуските терминали, свртувалишта, стојалишта и постапка за нивна измена,
VI. Изградба, обележување, опремување, одржување и користење на автобуските терминали, свртувалишта и стојалишта,
VII. Одредување на релација и место на превоз со комби возила со најмалку девет седишта (8+1)
VIII. Критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење на општински линиски превоз и распределувањето на линиите на превозниците во општинскиот линиски превоз.

## I. Единствена мрежа на линии

**Член 5**

Единствена мрежа на линии се утврдува:

| | |
|---|---|
| 1. | Злеово - Радовиш и обратно |
| 2. | с.Покрајчево - с.Злеово и обратно |
| 3. | Покрајчево - Радовиш и обратно |
| 4. | Јаргулица - Радовиш и обратно |
| 5. | Јаргулица - Подареш и обратно |
| 6. | Подареш - Радовиш и обратно |
| 7. | Ораовица - Радовиш и обратно |
| 8. | Раклиш – нас. Куклевица - Радовиш и обратно |
| 9. | Калузлија - Радовиш и обратно |
| 10. | Аликоч - Радовиш и обратно |
| 11. | Коџалија - Радовиш и обратно |
| 12. | Прналија - Радовиш и обратно |
| 13. | Супурге - Парналија и обратно |
| 14. | Супурге - Радовиш и обратно |
| 15. | Бучим - Радовиш и обратно |
| 16. | Тополница – нас.Дамјан - Радовиш и обратно |
| 17. | нас.Дамјан – с.Ињево и обратно |
| 18. | с.Дамјан – с.Ињево и обратно |
| 19. | с.Дедино - с.Ињево и обратно |
| 20. | Ињево - Радовиш и обратно |
| 21. | Воиславци - Радовиш и обратно |
| 22. | с.Сулдурци - Радовиш |
| 23. | Калуѓерица - Радовиш и обратно |
| 24. | с.Воиславци - с.Калуѓерица и обратно |
| 25. | с.Сулдурци - с.Калуѓерица и обратно |

## II. Возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување

**Член 6**

Единствен возен ред предлага превозникот во понудата согласно потребите на граѓаните, менталитетот и рентабилноста на линиите, со задолжително вклучување на возен ред потребен за превоз на ученици.

**Член 7**

Советот на општината преку постојаната Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита (Комисијата) распишува оглас во кој се содржани линиите на кои се врши превоз на патници и ученици.

Огласот трае 7 (седум) дена и се објавува во средствата за јавно информирање како и на официјалната web-страна на општина Радовиш, три

месеци пред завршувањето на времетраењето на претходно доделените линии.

Постапката по огласот ја спроведува постојаната Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита формирана од Советот на општината.

Комисијата доставува предлог за доделување на линии до Советот на општината.

Распределбата на линиите за превоз на патници ја врши Советот на општината со посебна Одлука за доделување на линии за вршење на општински линиски превоз на ученици и патници во општина Радовиш, врз основа на претходно доставен предлог од Комисијата.

Во случај на одземање на дозволата и возниот ред се распишува нов оглас за распределба на линии.

Доколку на објавените линии во огласот не се јави ниту еден превозник Советот на општина Радовиш донесува Одлука за утврдување на начинот на определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици за релација за која нема обезбедено линиски превоз.

**Член 8**

На огласот може да се пријават само правни лица кои имаат лиценца за вршење општински линиски превоз на патници или ги исполнуваат условите за добивање на лиценца.

**Член 9**

Доколку се јават повеќе заинтересирани превозници за вршење превоз, правото му се дава на оној превозник кој ќе понуди поповолни услови за одржување на линиите, утврдени во огласот.

**Член 10**

Доколку нема заинтересирани превозници, Советот на општината може да организира општински линиски превоз на патници преку основање на јавно претпријатие за сообраќај или вршењето превоз да го довери на превозник кој ги исполнува условите предвидени со Законот за превоз во патниот сообраќај и оваа Одлука.

**Член 11**

За да може да се врши превоз потребно е да се исполнат следните услови:

- превозникот да има лиценца, дозвола и регистриран возен ред;
- линиите да може да ги одржува со најмалку две тргнувања дневно;
- возилата да ги исполнуваат техничко-експлоатационите услови.

**Член 12**

Превозникот кој добил дозвола и регистрирал возен ред должен е превозот да го отпочне во рок утврден во дозволата, освен за превозот на ученици за кои веќе постои склучен договор врз основ на Законот за јавни набавки.

Доколку превозникот не започне со вршење на превозот во определениот рок го губи правото да врши превоз на таа линија.

**Член 13**

Возилата со кои се врши превозот задолжително се обележуваат на кој превозник припаѓаат.

Обележувањето се врши со кирилично писмо од бочните страни на возилото во висина на прозорските стакла.

Натписот содржи податоци за назив на превозникот, седиште и заштитен знак на превозникот.

На возилото можат да се носат рекламни натписи.

**Член 14**

Возниот ред се истакнува на предното стакло од десна страна на возилото.

Превозникот е должен да го одржува возниот ред согласно одлуката на Советот на општината.

Менување на возниот ред настанува по барање на месното население, барање на превозникот или поради виша сила.

Менувањето на возниот ред го врши Советот по предлог на Комисијата за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и и противпожарна заштита.

**Член 15**

Возилата со кои се врши превозот на предната и бочната страна на видно место треба да имаат поставено табла на која ќе се назначи почетната и крајната станица и регистрираниот возен ред.

Големината на таблата е во формат А4 на која се испишани натписите со печатни букви, кирилично писмо во црна боја, а таблата е во бела боја.

**III. Начин на организирање на контролата на сообраќајот на автобусите и линиите, како и евиденција за тоа**

**Член 16**

Контролата на превозот на патници, автобуси и линиите ја врши општинскиот сообраќаен инспектор.

Евиденцијата за прибирање, обработување, чување и посредување со податоци за издавање на лиценци за вршење на овој вид на превоз, регистрација на возните редови како и податоци потребни за распределба на дозволи за превоз на патници го врши Општината.

**III. Тарифен систем, систем на наплата и начин и контрола на наплата,**

**Член 17**

Цената на возниот билет во еден правец по патник е:

| Ред бр. | Релација | Највисок износ во денари со вклучен ДДВ |
|---|---|---|
| 1. | Злеово - Радовиш и обратно | 170 |
| 2. | с.Покрајчево - с.Злеово и обратно | 230 |
| 3. | Покрајчево - Радовиш и обратно | 170 |
| 4. | Јаргулица - Радовиш и обратно | 130 |
| 5. | Јаргулица - Подареш и обратно | 120 |
| 6. | Подареш - Радовиш и обратно | 100 |
| 7. | Ораовица - Радовиш и обратно | 90 |
| 8. | Раклиш – нас. Куклевица - Радовиш и обратно | 70 |
| 9. | Калузлија - Радовиш и обратно | 70 |
| 10. | Аликоч - Радовиш и обратно | 85 |
| 11. | Коџалија - Радовиш и обратно | 85 |
| 12. | Прналија - Радовиш и обратно | 135 |
| 13. | Супурге - Парналија и обратно | 250 |
| 14. | Супурге - Радовиш и обратно | 190 |
| 15. | Бучим - Радовиш и | 130 |

| | | |
|---|---|---|
| | обратно | |
| 16. | Тополница – нас.Дамјан - Радовиш и обратно | Тополница – 85 нас.Дамјан - 100 |
| 17. | нас.Дамјан – с.Ињево и обратно | 250 |
| 18. | с.Дамјан – с.Ињево и обратно | 350 |
| 19. | с.Дедино - с.Ињево и обратно | 110 |
| 20. | Ињево - Радовиш и обратно | 80 |
| 21. | Воиславци - Радовиш и обратно | 100 |
| 22. | с.Сулдурци - Радовиш | 120 |
| 23. | Калуѓерица - Радовиш и обратно | 140 |
| 24. | с.Воиславци - с.Калуѓерица и обратно | 130 |
| 25. | с.Сулдурци - с.Калуѓерица и обратно | 150 |

Доколку за времетраењето на Дозволата за доделување на Општински патнички линии и регистриран возен ред настане промена во цената на горивата, Советот на општина Радовиш може да изврши времена промена со зголемување или намалување на висината на цената на возниот билет.

Зголемувањето или намалувањето на цената на возниот билет ќе важи за сите линии доделени од страна на Советот на општина Радовиш за општински линиски превоз на патници.

За вршењето на превоз превозникот е должен да издаде фискална сметка.

Контрола на наплата врши општинскиот сообраќаен инспектор.

## V. Локација на автобуските терминали, свртувалишта, стојалишта и постапка за нивна измена

### Член 18

Автобуски свртувалишта се:

- паркинг плац помеѓу црква “Света Тројца” Радовиш и СОУ “Коста Сусинов” Радовиш и
- во секое населено место

### Член 19

Автобуски стојалишта се наоѓаат во Радовиш на:

- Ул.”22 Октомври” спроти Основниот Суд;
- Спроти “Здравниот Дом”  во Радовиш;
-Кеј "8 Септември", кај влезот на градско пазариште;
- Ул. “Партизанска”, десна страна на спој со ул „22 Октомври„ и ул „1-ви Мај„;
- Ул. „Илија Алексов„ 70 метри пред раскрсница со ул „Ѓорче Петров„ во насока кон с. Раклиш;
- Ул. „Илија Алексов„ 80 метри пред раскрсница со ул „Ѓорче Петров„ во насока кон центарот на градот;
- Ул. „Плачковица„ 60 метри од раскрсница со ул „Ѓорче Петров„ во насока кон центарот на градот;
- Ул. „Плачковица„50 метри од раскрсница со ул „Ѓорче Петров„ во насока кон с. Раклиш;
- Кеј „8 Септември„ 50 метри од раскрсница со ул „Илинденска„  покрај и во правец на течението на реката;
- Кеј „8 Септември„ 40 метри од раскрсница со ул „Партизанска„  покрај и во правец на течението на реката;
- Бул „Александар Македонски„ 65 метри од раскрсница (кружен ток) со ул „Илија Алексов„ во насока кон кеј „8 Септември„;
- Бул „Александар Македонски„ 65 метри пред раскрсница (кружен ток) со ул „Илија Алексов„ во насока кон с.Раклиш;

- Бул „Александар Македонски„ 215 метри од раскрсница (кружен ток) со ул „22 Октомври„ во насока кон ул „Индустриска„;
- Бул „Александар Македонски„ 200 метри пред раскрсница (кружен ток) со ул „22 Октомври„ во насока кон кеј „8 Септември„;
- на ул. „Македонска„ покрај Здружение на возачи (технички преглед);
- на ул. „Македонска„ пред „стариот монопол„ 40 метри пред раскрсница со ул „Св. Спасо Радовишки„;

Во другите места во општината автобуски постројки има во секое населено место.

**VI. Изградба, обележување, опремување, одржување и користење на автобуските терминали, свртувалишта и стојалишта**

**Член 20**

Изградба, обележување, опремување и одржување на автобуските свртувалишта и стојалишта го врши општината.

За потреби од превоз на работници изградба и опремување може да изврши и правно лице кое ги користи стојалиштата.

Автобуските стојалишта задолжително се обележуваат со сообраќаен знак согласно правилникот за сообраќајни знаци.

На знакот се поставува дополнителна табла со возниот ред за линиите кои поминуваат преку одреденото стојалиште.

**Член 21**

Покрај автобуските стојалишта и свртувалишта, согласно законските прописи може да се постават рекламни паноа.

**VII. Одредување на релација и место на превоз со комби возила со најмалку девет седишта (8+1)**

**Член 22**

Одредување на релација и место на превоз може да се врши и со комби возила со најмалку 8+1 седишта, е за следните линии:

| | |
|---|---|
| 1. | Злеово - Радовиш и обратно |
| 2. | с.Покрајчево - с.Злеово и обратно |
| 3. | Покрајчево - Радовиш и обратно |
| 4. | Јаргулица - Радовиш и обратно |
| 5. | Јаргулица - Подареш и обратно |
| 6. | Подареш - Радовиш и обратно |
| 7. | Ораовица - Радовиш и обратно |
| 8. | Раклиш – нас. Куклевица - Радовиш и обратно |
| 9. | Калузлија - Радовиш и обратно |
| 10. | Аликоч - Радовиш и обратно |
| 11. | Коџалија - Радовиш и обратно |
| 12. | Прналија - Радовиш и обратно |
| 13. | Супурге - Парналија и обратно |
| 14. | Супурге - Радовиш и обратно |
| 15. | Бучим - Радовиш и обратно |
| 16. | Тополница – нас.Дамјан - Радовиш и обратно |
| 17. | нас.Дамјан – с.Ињево и обратно |
| 18. | с.Дамјан – с.Ињево и обратно |
| 19. | с.Дедино - с.Ињево и обратно |
| 20. | Ињево - Радовиш и обратно |
| 21. | Воиславци - Радовиш и обратно |
| 22. | с.Сулдурци - Радовиш |
| 23. | Калуѓерица - Радовиш и обратно |

| | |
|---|---|
| 24. | с.Воиславци - с.Калуѓерица и обратно |
| 25. | с.Сулдурци - с.Калуѓерица и обратно |

## VIII. Критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење на општински линиски превоз и распределувањето на линиите на превозниците во општинскиот линиски превоз.

**Член 23**

Критериуми за начинот и постапката за издавање на дозволата за вршење на општински линиски превоз и регистриран возен ред ќе бидат утврдени во огласот за распределување на линиите на превозниците во општинскиот линиски превоз.

Основни критериуми кои треба да ги исполнуваат понудувачите се следни:

1. Назив на адреса на понудувачот;
2. Лиценца за вршење превоз во општински линиски превоз на патници на правното лице и изводи од лиценце за секое возило одделно или ако ги исполнува условите за добивање на лиценца;
3. Назначување на линија која превозникот сака да ја одржува (превозникот може да се пријави за повеќе линии ако има доволен број на возила);
4. Податоци за возачите (М1 и М2 образец), број на возачи зависно од бројот на возилата со кои ќе се врши превозот (на секое возило по еден возач)
5. Изјава дека во рок предвиден во Одлуката за доделување на линии за вршење на општински линиски превоз на ученици и патници во општина Радовиш ќе почне да ги одржува линиите;
6. Во возилата за вршење на општински линиски превоз на патници да има вградено фискален апарат;

**Член 24**

Одобрениот и регистриран возен ред и издадената дозвола за вршење на општински линиски превоз на патници можат да престанат да важат и пред истекот на рокот на важење ако:

1. Превозникот престанал да ги исполнува условите врз основа на кои се издадени;
2. Престанала важноста на лиценцата;
3. На барање на превозникот;
4. Превозникот престанал да постои под други посебни прописи;

Одземањето го врши градоначалникот на општината со решение по известување од страна на општинскиот инспектор за патен сообраќај и патишта за т. 1, 2 и 4 од став 1 на овој член, а за т. 3 од став 1 на овој член по барање на превозникот.

**Член 25**

Во возилото е забрането:

- возење животни;
- возење запаливи, експлозивни и радиоактивни предмети;
- возење на лица под дејство на алкохол и други лица кои го нарушуваат редот и мирот во возилото;
- внесување огнено оружје и експлозиви.

**Член 26**

Предметите кои се заборавени, изгубени или најдени од патниците во возилото, возачот е должен во рок од 14 часа да ги предаде во полициската станица.

**Член 27**

Со донесување на оваа одлука престанува да важи Одлуката за општински линиски превоз на патници бр.07-1187/1 од 11.06.2014 година и сите нејзини измени и дополнувања.

**Член 28**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Радовиш”.

Број 08-1364/1 Совет на општина Радовиш
Дата 17.11.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за распишување на оглас за распределба на линии за вршење на линиски превоз на патници во општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за распишување на оглас за распределба на линии за вршење на линиски превоз на патници во општина Радовиш, бр.08-1365/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 17.11.2025 година.

Број 09-1365/2 Градоначалник
Дата 17.11.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25) согласно член 73 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) и член 41-а од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), член 41 од Одлуката за комунален ред бр. 07-195/1 од 25.01.2013 година и член 21 став 1 точка 20 од Статутот на општина Радовиш, согласно член 7 од Одлуката за општински линиски превоз на патници (ноември 2025),

Советот на Општина Радовиш на V седница одржана на ден 17.11.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за распишување на оглас за распределба на линии за вршење на линиски превоз на патници во општина Радовиш**

**Член 1**

Се распишува оглас за распределба на линии за вршење на општински линиски превоз на патници во општина Радовиш и тоа за следните линии со цени согласно член 7 од Одлуката за општински линиски превоз на патници (ноември 2025):

| Ред бр. | Релација | Највисок износ во денари со вклучен ДДВ |
|---|---|---|
| 1. | Злеово - Радовиш и обратно | 170 |
| 2. | с.Покрајчево - с.Злеово и обратно | 230 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Покрајчево - Радовиш и обратно | 170 |
| 4. | Јаргулица - Радовиш и обратно | 130 |
| 5. | Јаргулица - Подареш и обратно | 120 |
| 6. | Подареш - Радовиш и обратно | 100 |
| 7. | Ораовица - Радовиш и обратно | 90 |
| 8. | Раклиш – нас. Куклевица - Радовиш и обратно | 70 |
| 9. | Калузлија - Радовиш и обратно | 70 |
| 10. | Аликоч - Радовиш и обратно | 85 |
| 11. | Коџалија - Радовиш и обратно | 85 |
| 12. | Прналија - Радовиш и обратно | 135 |
| 13. | Супурге - Парналија и обратно | 250 |
| 14. | Супурге - Радовиш и обратно | 190 |
| 15. | Бучим - Радовиш и обратно | 130 |
| 16. | Тополница – нас.Дамјан - Радовиш и обратно | Тополница – 85 нас.Дамјан - 100 |
| 17. | нас.Дамјан – с.Ињево и обратно | 250 |
| 18. | с.Дамјан – с.Ињево и обратно | 350 |
| 19. | с.Дедино - с.Ињево и обратно | 110 |
| 20. | Ињево - Радовиш и обратно | 80 |
| 21. | Воиславци - Радовиш и обратно | 100 |
| 22. | с.Сулдурци - Радовиш | 120 |
| 23. | Калуѓерица - Радовиш и обратно | 140 |
| 24. | с.Воиславци - с.Калуѓерица и обратно | 130 |
| 25. | с.Сулдурци - с.Калуѓерица и обратно | 150 |

**Член 2**

Огласот трае 7 (седум) дена и се објавува во средства за јавно информирање како и на официјалната web-страна на општина Радовиш ( www.radovis.gov.mk ).

Дозволата за вршење на линиски превоз на патници и возниот ред се издаваат со рок на важност од 5 (пет) години.

**Член 3**

Постапката за распишување на огласот за доделување на линии за вршење на општински превоз на патници ќе го спроведе Комисијата за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита при Советот на општина Радовиш, која ќе даде предлог до Советот на општина Радовиш.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Радовиш”.

Број 08-1365/1 Совет на општина Радовиш
Дата 17.11.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Содржина:

-Решение за прогласување и објавување на Одлука за прогласување итност на 5-та седница на Советот на Општина Радовиш-------------------------------------------------------1
-Одлука за прогласување итност на 5-та седница на Советот на Општина Радовиш-------------------------------------------------------1
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за Општински линиски превоз на патници----------------------------------------2
-Одлука за Општински линиски превоз на патници---------------------------------------------2
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за распишување на оглас за распределба на линии за вршење на линиски превоз на патници во општина Радовиш------------------------------------------9
-Одлука за распишување на оглас за распределба на линии за вршење на линиски превоз на патници во општина Радовиш------------------------------------------9